УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE MENAXHIMIT TË RREZIKUT

Арх.бр./Nr. i arhivës бр. 1742/4
Дата/Data 17-05-2024

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 110/19), а согласно член 118 став 1 и 3 а во врска со член 130 став 1 и 2 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05 и 24/07, 159/08, 83/09,48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012 ,93/2013, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22), постапувајќи по заедничко барање на правните субјекти Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија **ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје** и Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија **ЕКО ЕНЕРЦИ СИСТЕМ ДОО Скопје, Подружница Кавадарци,** заведено под број 11-1742/1 од 22.02.2024год. и во Прилог- Извештај од Генерална еколошка ревизија со пропратна документација, Министерот за животна средина и просторно планирање се донесе следново:

# **Р Е Ш Е Н И Е**

## **За целосен пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола**

**1.**Се врши целосен пренос на А - Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-98/2017 од 07.08.2017год. од Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија **ЕКО ЕНЕРЦИ СИСТЕМ ДОО Скопје, Подружница Кавадарци,** на **Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје,** Адреса на седиште: **ул. Коле Неделковски бр. 32/1 ПРИЗЕМЈЕ-2, Скопје-Центар,** Адреса на инсталацијата: **Населено место без уличен систем, Шивец, 1430 Кавадарци.**

**2.**Причина за пренос на А - Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-98/2017 од 07.08.2017год. е нов закупец **Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје,** врз основа на договор за закуп на постројката, склучен на 30.01.2023год. а потоа и Договор за купопродажба склучен помеѓу **ЕКО ЕНЕРЦИ СИСТЕМ ДОО Скопје** (бр.030/124 од 20.07.2023) и **ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје** (0307/09 од 20.07.2023), Договор за закуп на деловен простор за преработка на отпад со извршна клаузула од 21.12.2023 (Солемнизација од 25.12.2023-Кавадарци), промена на сопственичката структура и називот на Инсталацијата (Тековна состојба на Централен Регистар од 30.01.2024год);

**3.**Се задолжува операторот **Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје,** на исполнување на обврските во однос на заштита на животната средина произлезени од направената процена за обврските дефинирани во А-ИЕД со бр. УП1-11/3-98/2017 од 07.08.2017год. нивната


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE MENAXHIMIT TË RREZIKUT

имплементација, констатираните состојби и идентификуваните финансиски трошоци во Извештајот од Генералната Еколошка Ревизија.

**4.**Се задолжува операторот **Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје,** да обезбеди водонепропусност на целата дворна површина на Инсталацијата.

**5.**Се задолжува операторот **Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје,** да постапи по препораките од извршената Генерална Еколошка Ревизија утврдени во Табела 13.

**6.**Согласно наодите од извршената еколошка ревизија - **Извештај од Генерална еколошка ревизија бр.11-1742/1 од 22.02.2024год.** се задолжува операторот **Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје,** а имајќи го во предвид законски утврдениот **рок на важност од 7години, на А-интегриранaта еколошка дозвола** УП1-11/3-98/2017 од 07.08.2017год. да поднесе Барање за А-ИЕД со цел исполнување и имплементација на констатираните нови моменти и ситуации кои не се дел од истата.

**7.** За сите нови моменти кои не се опфатени во дозволата, како инсталирање нова опрема, постројка или сл. да се постапува по претходно спроведена постапка за оцена на влијанијата врз животната средина.

**8**. Се задолжува операторот **Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје,** кој го бара преносот на А-Интегриранaта еколошка дозвола, заради транспарентноста на постапката да ги надомести трошоците за објавата на решението во весник на македонски јазик и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**9**. Носителот на А-интегрирана еколошка дозвола е должен да ги почитува сите услови во дозволата при користење и управување на инсталацијата.

**Образложение**

Министерството за животна средина и просторно планирање за правниот субјект од Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија **ЕКО ЕНЕРЏИ СИСТЕМ ДОО Скопје, Подружница Кавадарци** издаде А - Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-98/2017 од 07.08.2017год. за две технолошки линии **PHARAON 300 и AXIS 3000/b** со придружни објекти, наменети за третман на комунален отпад, отпад сличен на комуналниот и индустриски неопасен отпад. Проектиран капацитет за **PHARAON 300 е 150 000т/год. и за AXIS 3000/b е 28 000т/год.**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ
СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE
MENAXHIMIT TË RREZIKUT

Поради купопродажба на инсталацијата и настаната промена на називот и сопственичката структура, пристапуваме кон реализација на целосен Пренос на А-ИЕД УП1-11/3-98/2017 од 07.08.2017год. од Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија **ЕКО ЕНЕРЏИ СИСТЕМ ДОО Скопје, Подружница Кавадарци,** на **Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје,** во согласност со член 118 а во врска со членот 130 став 1 и 2 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05 и 24/07, 159/08, 83/09,48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012 ,93/2013, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22).

По доставено заедничко барање 11-1742/1 од 22.02.2024год. авторизирано од операторот Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија **ЕКО ЕНЕРЏИ СИСТЕМ ДОО Скопје, Подружница Кавадарци,** (претходен оператор), и операторот на кој се пренесува дозволата **Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје,** (нов оператор), и Извештај со наоди од Генерална еколошка ревизија во Прилог на барањето од страна на Одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето -Секторот за индустриско загадување и управување со ризик - Управа за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, по разгледувањето, во смисла на член 118 став 1 од Законот за животна средина, се реализира целосен пренос на А - Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-98/2017 од 07.08.2017год. од Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија **ЕКО ЕНЕРЏИ СИСТЕМ ДОО Скопје, Подружница Кавадарци,** на **Друштво за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС-СОЛУТИОНС ДОО Скопје.**

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правното средство:** Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија.

Со почит,
Me respekt,

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил/Përgaditi: Светлана Глигорова
Контролирал/Kontrolloi: Besa Tateshi
Одобрил/Aprovoi: Nazim Aliti
**Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor**
**Директор/Drejtor**
**Hisen Xhemaili**